Поздравна реч на отворањето на
Научната конференција „Книжевноста и библијата"
МАНУ, 20 април 2017, 10 часот

Драги колеги, почитувани гости

Чест ми е да го поздравам денешниов научен собир кој се одржува како активност на Одделението за лингвистика и литературна наука при МАНУ, а под раководство на академик Ќулавкова и нејзиниот проект за методите на толкувањето на книжевноста.

Поводот за одржување на овој научен собир, верувам, е иманентно истражувачки, научен, иако последниве две години одбележуваме, во Република Македонија, и други значајни датуми од културната историја на македонскиот народ: минатата година, 1100 години од упокојувањето на Свети Климент Охридски, кого го сметаме и за прв писател во историјата на средновековната старословенска и македонска книжевност, а оваа година, 50 години од основањето на Македонската академија на науките и уметностите. Во рамки на годинешниов јубилеј се предвидени бројни научни и уметнички активности, па и овој ваш собир е прилог кон јубилејната програма на МАНУ.

Особено ми е мило што на оваа конференција присуствуваат гости од Универзитетот Оксфорд од Велика Британија со експерти и истражувачи на проблематика која ги става во компаративен контекст книжевноста и *Библијата*.

Програмата на вашата конференција ветува темелна научна расправа за бројни прашања за коишто книжевната наука, во делот на историјата, но и на теоријата и критиката, потем филозофијата, митологијата и историјата на уметноста, покажуваат интерес во современиот свет.

Верувам дека и со вашиот дводневен собир ќе покажете дека за многу крупни теми може да се расправа целисходно од перспектива на одделни национални литератури или на конкретни автори и дела.

Некои од писателите кои имаат дадено значаен придонес кон афирмацијата на библиската традиција во македонската книжевност биле и членови на МАНУ: Славко Јаневски, Блаже Конески, Анте Поповски и др.

Ви пожелувам успешна работа!